**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-27/126
01.09 2023 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И

## ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ НЕЗГОДА
## ДУ-КОРПНС-НЕЗГОДА

Усвоени со одлука на Управен одбор бр.0202-27/125 од 01.09.2023 година

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 01.09.2023 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ
### Член 1

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во понатамошен текст: осигурувач).

(2) Договорувач на осигурувањето, во смисла на овие Дополнителни услови може да биде секое правно лице што склучува колективно осигурување за своите работници.

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
### Член 2

(1) Лицата што се осигуруваат по овие Дополнителни услови, осигурени се по претходна пријава или известување за сите болести и заболувања како и општата работна способност, освен лицата потполно лишени од работна способност, кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

(2) Со ова осигурување не се опфатени работниците:

1. кои писмено изјавиле дека не сакаат да бидат осигурени,
2. кои се кај договорувачот во граѓанско/правен однос.
3. кои се постари од 70 години.

(3) Со ова осигурување се опфатени и работниците од став (2) точка 2.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
### Член 3

(1) Договорот за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај може да се склучи со назначување имиња и презимиња на осигурениците.

(2) Ако е договорено колективно осигурување со точен опис на осигурениците, тогаш ова осигурување се однесува само на оние лица кои се наоѓаат во пописот (список), акој е задолжително приложен кон договорот за осигурување (полисата).

(3) Ако е договорено колективно осигурување без назначување на имиња и презимиња на осигурениците, со осигурувањето се опфатени сите работници вработени на одредено и неодредено време кај договорувачот.

(4) По исклучок од претходниот став можат да бидат осигурени и лицата кои кај договорувачот се во дополнителен работен однос, ако е тоа изречно договорено и наведено во полисата за осигурување.

(5) Ако е договорено колективно осигурување со или без точен опис на осигурениците според списокот на исплата на платите или според кадровската евиденција, осигурените суми во полисата важат за сите работници еднакво.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 4

(1) Ако во полисата не е поинаку договорено, осигурувањето започнува во 00,00 часот во оној ден кој е означен како почеток на осигурувањето и престанува во 24,00 часот во оној ден кој во полисата е наведен како ден на истек на осигурувањето.

(2) Ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, договорот за колективно осигурување продолжува од година во година се додека некоја од договорните страни не го докаже во смисла на член 9 од овие Дополнителни услови.

(3) За работниците кои се вработиле по почетокот на осигурувањето означено во полисата, осигурувањето важи и од 00,00 часот од оној ден кога се вработиле. За работниците кои го прекинале работниот однос осигурувањето престанува да важи во 24,00 часот, од часот оној ден кога истапиле од претпријатието, односно организацијата или договорот е раскинат по било кој друг основ.

## ОСИГУРЕНА СУМА

### Член 5

(1) Осигурената сума наведена во полисата е најголем износ до кој осигурувачот е во обврска за секој одделен осигуреник.

(2) Можат да се договорат различни осигурени суми за осигурување од последици на несреќен случај зависно од класата на опасност во која спаѓаат одделни работници (осигуреници).

(3) При одредувањето на класата на опасност во која спаѓа одделен работник, за осигурувањето од последици на несреќен случај се зема неговото постојано место на извршител на одредени работи и работни задачи.

(4) Во случај на промена на работното место на осигуреникот во текот на траењето на осигурувањето при настанувањето на несреќен случај се зема онаа утврдена осигурена сума која одговара на класата на опасност од она работно место на кое осигуреникот работел во моментот на настанувањето на несреќниот случај.

## ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 6

(1) Осигурувачот нема никаква обврска за случај на смрт:

1. ако осигуреникот во првата година на траењето на осигурувањето, односно од своето стапување во осигурувањето изврши самоубиство.
2. ако смртта на осигуреникот настапи со извршување на смртна казна.
3. ако смртта на осигуреникот настапи поради земјотрес.
4. ако смртта на осигуреникот настапи поради настан кој директно се припишува на војна, инвазија, чин на надворешниот непријател,

воени дивеења или воени операции (без оглед дали е објавена војната или не), граѓанска војна, востание, буна или револуција.

(2) На обврските на осигурувачот за осигурување од последици на несреќен случај се применуваат одредбите на член 5,9 и 10 од Општите услови.

## НАЧИН И РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

### Член 7

(1) Пресметување на премијата се врши во роковите наведени во полисата за осигурување според фактичкиот број на осигурениците.

(2) Почетната бројна состојба на осигурениците е еднаква со бројната состојба на работниците на договорувачот на денот на склучување на колективното осигурување, ако е склучено без назначување на имиња и презимиња на осигурениците.

(3) Премијата се плаќа однапред за време утврдено во полисата.

(4) Ако договорувачот на осигурувањето не ја плати стасаната премија во договорениот рок, за осигурен случај настанат по стасаноста на премијата за плаќање, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот односно корисникот само за дел од осигурената сума сразмерно на платената премија за осигурување, односно само за толку 12 (дванаесеттини) од осигурената сума за колку што е платена премија за осигурување.

По наплата на стасаната премија за осигурување за осигурителната година во која настанал осигурениот случај, осигурувачот е во обврска спрема осигуреникот - односно корисникот, да го доплати неисплатениот дел од осигурената сума.

(5) Ако е договорено осигурување со пресметување на премијата на крајот на годината на траењето на осигурувањето, конечната пресметка на премијата се врши според просечниот број на крајната состојба на осигурениците по месеци. Договорувачот е длжен во рок од 30 дена по истекот на годината на осигурувањето, да му достави на осигурувачот точни и целосни податоци за бројната состојба на сите работници на крајот на секој месец од изминатата година на осигурувањето. Просечната бројна состојба во текот на една осигурителна година се утврдува на тој начин што ќе се собере бројната состојба на работниците на крајот на секој месец од изминатата година на осигурувањето. Просечната бројна состојба во текот на една осигурителна година се утврдува на тој начин што ќе се собере бројната состојба на работниците на крајот на секој месец од осигурителната година, за која се врши пресметување на премијата, па добиениот збир ќе се подели со 12. Ако притоа се утврди, дека просечниот број на работниците е поголем од бројот што е наведен во полисата,договорувачот е должен да ја плати разликата на премијата. Доколку бројот е помал, осигурувачоте должен да ја исплати разликата на премијата на договорувачот.

(6) Договорувачот е должен на осигурувачот да му ја даде на увид евиденцијата и документацијата од која ќе може да се утврди бројната состојба на работниците, како и висината на пресметаната и уплатена премија.

## ОСИГУРУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО

### Член 8

(1) Со договорот за колективно осигурување на работниците во претпријатието можат да се осигуруваат и брачните другари и децата на осигурениците.

(2) Можат да се осигураат брачните другари кои не се постари од 70 години, децата со наполнети 14 години кои, живеат во заедничко семејство со осигуреникот и не стапиле во брак.

(3) За осигурување на брачниот другар или децата, потребна е писмена изјава на договорувачот или осигуреникот со означување на имињата и сродството.

(4) Осигурувањето за членови на семејство започнува во 24,00 часот оној ден кој во писмената пријава, предложена на осигурувачот е означен како почеток на осигурувањето, но не порано од 24,00 часот оној ден кога осигурувачот ја примил пријавата, а престанува во 24,00 часот оној ден кога му престанал работниот однос на осигурениот-работник кај договорувачот на ова осигурување или договорот престанал по некој друг основ.

## ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

(1) Секоја договорна страна, доколку договорот не престанал по договорена причина, може да го откаже за колективно осигурување на работниците со неодредено траење.

(2) Откажување на договорот се врши по писмен пат најмалку три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето.

(3)Ако е склучено колективно осигурување по кое секој работник плаќа премија од својата плата откажувањето на договорот се врши со претходна согласност на осигурените работници.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 10

(1)Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), а доколку нивна содржина е во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај (незгода).

(2)Овие Дополнителни услови влегуваат во сила од денот на донесување а ќе се применуваат од 01.01.2021 година кога и престануваат да важат Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај донесени од Управниот одбор на 23.01.2020 година.

(3)За Договорите за осигурување од несреќен случај (незгода) во кои е вклучен ризикот смрт како последица од болест кои ќе бидат склучени до 31.12.2020 ќе продолжат да важат Дополнителните услови за колективно осигурување на работници од последици на несреќен случај донесени од Управниот одбор на 23.01.2020 година согласно скаденцата предвидена во договорот за осигурување, а најдоцна една година од нивното склучување.

**Член 11**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Член 12**
**Обработка и заштита на личните податоци**

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 13**
**Основ и цел за обработка на лични податоци**

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта

на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 14**
**Пренос на личните податоци**

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 15**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 16**
**Права на субјектите на личните податоци**

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 17**
**Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**Претседател на Управен Одбор**

**Елизабета Божиновска**

ГРАВЕ НЕЖИВОТ